СЛ НА К ИА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Скопје
Број 44 Год. XLIX

Претплатата изнесува 1.100 денари. Овој број чини 30 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

DIREKCIJA
ARHIV NA MAKEDONIJA - OPST OTSEK -
91001 - SKOPJE
P.fah 496/9

1057.

Врз основа на член 17 став 2 од Законот за Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта („Службен весник на СРМ“ број 48/74), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 9 јули 1993 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВИТОК НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА ЗА 1992 ГОДИНА

Се одобрува Завршната сметка на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта за 1992 година, што ја донесе Управниот одбор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта, на седницата одржана на 13 април 1993 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2671/1
9 јули 1993 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1058.

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта („Службен весник на СРМ“ број 48/74), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 9 јули 1993 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ РАЗВИТОК НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА ЗА 1993 ГОДИНА

Се дава согласност на Финансискиот план на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта за 1993 година, што го донесе Управниот одбор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта, на седницата одржана на 13 април 1993 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-2670/1
9 јули 1993 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов, с.р.

1059.

Врз основа на член 66 став 1 од Законот за данокот на промет на производи и услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/92 и 62/92) и член 45 од Законот на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/90) Владата на Република Македонија донесе

УРЕДБА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА УТВРДЕНИТЕ ДАВАЧКИ ШТО СЕ ПЛАЌААТ ПРИ УВОЗ НА ДЕРИВАТИ НА НАФТА

Член 1

Во Уредбата за начинот на плаќање на утврдените давачки што се плаќаат при увозот на нафта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/92, 69/92, 70/92, 72/92, 5/93 и 30/93) член 2 се менува и гласи:

„При увозот на деривати на нафта се плаќа:

а) данок на промет на производи и тоа:

	ден./кгр.	односно	ден./литар
– МБ–86	3,154	“	2,337
– МБ–98	3,742	“	2,773
– БМБ–95	1,507	“	1,117
– Д–1	2,311	“	1,900
– Д–2	2,220	“	1,863
– Мазут	0,345	“	–

б) надоместок за патишта:

	ден./кгр.	односно	ден./литар
– МБ–86	2,366	“	1,753
– МБ–98	2,807	“	2,080
– БМБ–95	3,013	“	2,233
– Д–1	1,982	“	1,629
– Д–2	1,902	“	1,596

в) наменско издвојување за републички стокови резерви:

	ден./кгр.	односно	ден./литар
– МБ–86	3,082	“	2,284
– МБ–98	2,168	“	1,607
– БМБ–95	2,838	“	2,103
– Д–1	1,546	“	1,271
– Д–2	1,323	“	1,110

г) средства за буџет:

	ден./кгр.	односно	ден./литар
– МБ–86	4,430	“	3,283
– МБ–98	3,517	“	2,606
– БМБ–95	4,186	“	3,102
– Д–1	2,761	“	2,270
– Д–2	2,514	“	2,109“

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 16.07.1993 година, од 0,01 часот.

Бр. 23–2189/2
15 јули 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
Бранко Црвенковски, с. р.

1060.

Врз основа на член 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ“ бр. 20/90), а во врска со член 13 од Законот за системот на општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“ бр. 84/89), кој со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 52/91) е преземен како републички пропис, Владата на Република Македонија, на седницата одржана на ден 15.07.1993 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ

1. Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

	ден./лит.
а) Моторни бензини	
– МБ–86	до 4,984
– МБ–98	до 5,945
– БМБ–95	до 6,396
б) Дизел гориво	
– Д–1	до 4,620
– Д–2	до 4,525
в) Масло за горење	
Екстра лесно (ЕЛ)	до 4,525
г) Мазут	до 3,290 ден./кгр.

2. Претпријатијата и другите правни лица, како и вршителите на дејност со личен труд што вршат промет на нафтени деривати ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што највисоките малопродажни цени да изнесуваат и тоа:

	ден./лит.
а) Моторен бензин	
– МБ–86	до 15,50
– МБ–98	до 16,00
– БМБ–95	до 16,00
б) Гасно масло – дизел гориво	
– Д–1	до 12,50
– Д–2	до 12,00
в) Масло за горење екстра Лесно (ЕЛ)	до 8,00
г) Масло за горење (мазут)	до 3,80

Во цените од став 1 на оваа точка се содржани:

а) Данок на промет на производи

	ден./лит.
– МБ–86	2,337
– МБ–98	2,773
– БМБ–95	1,117
– Д–1	1,900
– Д–2	1,863
– Екстра лесно	1,863
– Мазут	0,345 ден./кгр.

б) Наменско издвојување за стоковни резерви

	ден./лит.
– МБ–86	2,284
– МБ–98	1,607
– БМБ–95	2,103
– Д–1	1,271
– Д–2	1,110
– ЕЛ	0,815

в) Надоместок за патишта

	ден./лит.
– МБ–86	1,753
– МБ–98	2,080
– БМБ–95	2,233
– Д–1	1,620
– Д–2	1,596

г) Учество за покритие на трошоците во прометот

	ден./лит.
– МБ–86	0,695
– МБ–98	0,825
– БМБ–95	0,885
– Д–1	0,646
– Д–2	0,633
– Екстра лесно (ЕЛ)	0,633
– Мазут	0,165 ден./кгр.

д)Средства за буџет

	ден./лит.
– МБ–86	3,283
– МБ–98	2,606
– БМБ–95	3,102
– Д–1	2,270
– Д–2	2.109“

Средствата за наменско издвојување на републичките стоковни резерви и надоместокот за патишта се уплатуваат на соодветна сметка на Дирекцијата за стоковни резерви и СИЗ-от за патишта а средствата за Буџет определени под д) од став 2 на оваа точка се уплатуваат на сметка на Буџетот на Републиката.

ѓ) Трошоци за превоз по 0,164 денари за литар.

3. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на највисоки цени на одделни нафтени деривати во прометот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/93 и 30/93).

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 16.07.1993 година, од 0,01 часот.

Бр. 23–2189/1
15 јули 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
Бранко Црвенковски, с. р.

1061.

Врз основа на член 11 и 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 38/90), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15.07.1993 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ НАДОМЕСТОЦИ НА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ

1. Во Одлуката за републички надоместоци на одделни производи („Службен весник на РМ“ бр. 23/91, 34/91, 37/91, 44/91, 47/91, 49/91, 54/91, 4/92, 18/92, 33/92, 60/92, 72/92 и 5/93), во членот 4 во ставот 5 бројот „100,00“ се заменува со бројот „1,40“, а бројот „140,00“ се заменува со бројот „2,00“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 16.07.1993 година, од 0,01 часот.

Бр. 23–2189/3
15 јули 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
Бранко Црвенковски, с. р.

1062.

Врз основа на член 54 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на РМ“ бр. 38/85, 18/89 и 38/90), Владата на Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЛОКАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА БЕНЗИНСКА ПУМПА НА МАГИСТРАЛНИОТ ПАТ М-26, ДЕЛНИЦА СКОПЈЕ – ТЕТОВО, СТАЦИОНАЖА НА КМ. 31+750 – ЛЕВО, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ТЕТОВО

1. Со оваа Одлука се определува локација за изградба на бензинска пумпа на магистралниот пат М-26,

делницата Скопје – Тетово, стационажа на км. 31+750 – лево, на КП. бр. 746/1, 746/3 и 746/2 во м.в. „Клисура" на подрачјето на Општина Тетово чиј инвеститор ќе биде Претпријатието за промет и услуги „Либурна" од Тетово и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за негово несметано функционирање.

2. Составен дел на оваа Одлука е графичкиот прилог – ситуацијата во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија.

3. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1996/1
8 јули 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
Бранко Црвенковски, с.р.

1063.

Врз основа на член 54 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на РМ" бр. 38/85, 18/89 и 38/90), Владата на Република Македонија донесе

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЛОКАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА БЕНЗИНСКА ПУМПА НА МАГИСТРАЛНИОТ ПАТ М-27, ДЕЛНИЦА КОЧАНИ – ШТИП, СТАЦИОНАЖА НА КМ. 67+250 – ДЕСНО, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КОЧАНИ

1. Со оваа Одлука се определува локација за изградба на бензинска пумпа на магистралниот пат М-27, делницата Кочани – Штип, стационажа на км. 67+250 – десно, на КП. бр. 1074, КО „Тркање" во м.в. „Цацков Бунар" на подрачјето на Општина Кочани, чиј инвеститор ќе биде Иванов Методи од Кочани и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за негово несметано функционирање.

2. Составен дел на оваа Одлука е графичкиот прилог – ситуацијата во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија.

3. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1998/1
8 јули 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
Бранко Црвенковски, с.р.

1064.

Врз основа на член 54 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на РМ" бр. 38/85, 18/89 и 38/90), Владата на Република Македонија донесе

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЛОКАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА БЕНЗИНСКА ПУМПА НА МАГИСТРАЛНИОТ ПАТ М-26, ДЕЛНИЦА ТЕТОВО – ГОСТИВАР, СТАЦИОНАЖА НА КМ. 63+144 – ДЕСНО, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГОСТИВАР

1. Со оваа Одлука се определува локација за изградба на бензинска пумпа на магистралниот пат М-26, делницата Тетово – Гостивар, стационажа на км. 63+144 – десно, на КП. бр. 4383, и КП. бр. 4384, КО Гостивар, на подрачјето на Општина Гостивар, чиј инвеститор ќе биде Јашари Абдулкебир од Гостивар и се определува земјиштето кое му припаѓа на објектот за неговата редовна употреба.

2. Составен дел на оваа Одлука е графичкиот прилог – ситуацијата во М 1:500, кој не се објавува, а се наоѓа во Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија.

3. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1997/1
8 јули 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
Бранко Црвенковски, с.р.

1065.

Врз основа на член 46, став 3 од Законот за заштита и користење на земјоделското земјиште („Службен весник на РМ" бр. 7/86, 51/88, 15/90, 28/91, 36/91 и 83/92), Владата на Република Македонија донесе

ПРОГРАМА
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО 1993 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдува вкупниот износ на средствата за заштита и користење на земјоделското земјиште во 1993 година како и намените, критериумите и условите за нивно користење.

II

Средствата за извршување на оваа програма се утврдуваат во вкупен износ од 2.400.000,00 (два милиони и четиристотини илјади) денари и ќе се користат за следните намени:

1. Освојување на нови површини со разорување на напуштените земјоделски површини	2.100.000,00
2. Уредување на земјоделското земјиште (комасација)	100.000,00
3. Откуп на земјоделско земјиште	150.000,00
4. Материјални трошоци за спроведување на Програмата	50.000,00

III

Со средствата од дел II, точка 1 на оваа програма ќе се финансира учеството во спроведувањето на следните агромелиоративни мерки:

– разорување на напуштено земјоделско земјиште (прелози), пасиште, рушење на меѓи, исушување на мочуришта, бари, оспособување на тресетишта за земјоделско производство, ископачување на неродни стебла, чистење на камења и оспособување на напуштено земјоделско земјиште во обработливо земјиште (рекултивација) и слично.

IV

Средствата од дел II, точка 1 од оваа програма ќе се користат за оспособување на земјоделското земјиште за земјоделско производство на околу 700 ха и ќе се исплаќаат до 3.000,00 (три илјади) денари за секој оспособен хектар.

V

Право на користење на средствата од дел II, точка 1 на оваа програма имаат претпријатијата, задругите и другите правни и физички лица кои управуваат со земјоделско земјиште или им е дадено на користење.

VI

Право на користење на средствата од дел II, точка 1 на оваа програма имаат оние корисници на средствата кои ќе приложат инвестициона програма за освојување

на нови и напуштени површини за претпријатијата, задругите и другите правни лица, а премер и пресметка да приложат физичките лица.

Приоритет на користењето на средствата од претходниот став имаат оние корисници на средства кои со ангажирање на помалку средства ќе освојат поголеми површини и кои имаат обезбедено средства и од други извори.

VII

Од средствата од дел II, точка 2 во висина од 100.000,00 (сто илјади) денари на оваа програма ќе се финансира учеството во спроведување на комасација заради уредување на земјоделско-земјиште.

За користење на овие средства се прилага одлука за прифаќање на барањето за комасација.

VIII

Со средствата од дел II, точка 3 во висина од 150.000,00 (сто и педесет илјади) денари ќе се врши откуп на земјоделско земјиште во корист на Републиката.

Исплата на средствата за откупено земјиште ќе се врши со приложен договор кон барањето, заверен во надлежниот суд.

IX

Средствата предвидени со оваа програма ги распределува по корисници Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство по претходно доставено барање.

X

Условите и начинот на користењето на средствата предвидени во делот II, точка 1 и 2 од оваа програма поблиску се уредуваат со договор што ќе се склучи помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и корисникот на средствата.

XI

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство може да врши пренамена на средствата по одделни намени во рамките на вкупните средства по оваа програма, доколку дојде до извршување на некоја намена во поголем обем, а друга не биде целосно реализирана.

Ако средствата предвидени со оваа програма не се искористат целосно во тековната година, се пренесуваат за наредната година.

XII

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1993 година.

Бр. 23-1820/1
24 јуни 1993 година
Скопје

Претседател на Владата,
Бранко Црвенковски, с.р.

Oiласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I–СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје I–Скопје се води постапка за одредување носител на станарско право на противникот Стеван Ширговски со непозната адреса на живеење. Поставен му е за привремен старател лицето Виткова Лена–Љуба. Се повикува противникот да се јави во судот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот.

Од Општинскиот суд во Скопје I–Скопје, ВПП. бр. 178/93. (1604)

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II-СКОПЈЕ

Пред овој суд заведен е спор за отказ на договор за користење на стан, по тужбата на тужителот СИЗ за становање на град Скопје против тужената Делинаумовска Лефтерија од Скопје, ул. „Славка Димова“ бр. 63, а сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената Делинаумовска Лефтерија да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас или во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење.

Доколку тужената не се јави во рок од 30 дена, на истата ќе ѝ биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II-Скопје, П. бр. 1209/93.

Пред овој суд во тек е постапка за отказ на договор за користење на стан по тужбата на тужителот ЗСИЗ за становање на град Скопје против тужената Крстева Доста од Скопје, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената Крстева Доста од Скопје да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на огласот или во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење.

Доколку тужената не се јави во овој суд во определениот рок и не достави точната адреса на живеење, ќе ѝ биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси.

Од Општинскиот суд Скопје II – Скопје, – П. бр. 1208/93.

Пред овој суд е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителот Илија Здравковски од с. Петровец, ул. „Гоце Делчев“ бр. 12, против тужената Милојка Здравковска, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената Милојка Здравковска да се јави во овој суд во рок од 30 дена, или во истиот рок да ја достави својата сегашна точна адреса на живеење.

Доколку тужената не се јави во рок од 30 дена, на истата ќе и биде одреден времен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси до правосилното окончување на постапката.

Од Општинскиот суд во Скопје II–Скопје, XV.П. бр. 1203/93. (–)

ОПШТИНСКИ СУД ВО ГЕВГЕЛИЈА

Општинскиот суд во Гевгелија повеќе постапка за поништување на чекови со сериските броеви и тоа: 371261, 371262, 371263, 371264 кои гласат на име на предлагачката Мачукова Марија од Гевгелија, сите чекови се на сума пополнети од 800,00 денари и потпишани, а од позади на чековите е наведен и бројот на личната карта, издадени од Стопанска банка АД Скопје Филијала Гевгелија, со број на тековна сметка на предлагачката Мачукова Марија од Гевгелија под бр. 04-09.

Се повикуваат сите лица кај кои се наоѓаат цитираните чекови и лицата на кои им е познато каде тие се наоѓаат да се јават во Општинскиот суд во Гевгелија во рок од 60 дена од денот на објавувањето на овој оглас во „Службен весник на РМ“. Во истиот рок секое заинтересирано лице може да вложи приговор против предлогот за поништување на чековите.

Се напоменува на должникот да по овие чекови не може полноважно да ја исполни својата обврска, да ги обнови или замени чековите, да издаде нови ниту пак имателот смее да ги пренесува правата од чековите. Доколку огласниот рок истече без приговори или успех во пронаоѓањето на чековите, чековите ќе бидат поништени.

Од Општинскиот суд во Гевгелија, Р. бр. 57/93. (202)

ОПШТИНСКИ СУД ВО ГОСТИВАР

Пред овој суд заведен е спор за долг по тужбата на тужителот Арифи Агрон од Гостивар, против тужениот Османи Рухид од с. Равен. Вредност на спорот 200 германски марки.

Бидејќи туженият е со непозната адреса во Германија, се повикува да се јави во Општинскиот суд во Тетово или да постави свој полномошник.

Доколку не се јави нити пак постави свој полномошник во постапката ќе го застапува Петрески Васил од Гостивар, сè до правосилното окончување на овој спор.

Од Општинскиот суд во Гостивар, П. бр. 298/93. (199)

Пред Општинскиот суд во Гостивар се води постапка за утврдување по тужбата на тужителот Сулејман Лазим од с. Равен против Абдули Бајрам од с. Требиште и Зенуни Зуди од с. Требиште, сега на привремена работа во Италија, со непозната адреса. Вредност на спорот 6.500 денари.

На туженият Зенуни Зуди му се поставува за привремен застапник Тримчески Ратко, социјален работник при Центарот за социјални работи во Гостивар. Привремениот застапник ќе го застапува туженият во постапката сé додека туженият или негов полномошник не се јави пред судот или додека не назначи старател.

Од Општинскиот суд во Гостивар, П. бр. 478/93. (204)

Пред Општинскиот суд во Гостивар поведена е постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Алими родена Шаќири Назмије живее во село Градец, против туженият Алими Шукри Алим од с. Чегране. Вредност на спорот 50,00 денари.

Се повикува туженият сега моментално со непознато место на живеење да се јави во судот или да испрати полномошник кој ќе го застапува до правосилното окончување на постапката. Во спротивно, судот на туженият ќе му постави привремен застапник и тоа лицето Фазлиу Имер дипломиран правник од Гостивар кој ќе ги застапува интересите на тужениот сè до правосилното окончување на постапката.

Од Окружниот суд во Гостивар, П. бр. 416/93. (213)

ОПШТИНСКИ СУД ВО КОЧАНИ

Пред Општинскиот суд во Кочани е поведена постапка заради наплата на регресен долг по тужбата на тужителот АД за осигурување „Македонија“ Скопје, Филијала-Кочани, против Славко Нисов од Кочани, ул. „Маршал Тито“ бр. 45. Вредност на спорот од 184, 24 денари.

Туженият е на привремена работа во Германија, со непозната адреса.

Се повикува туженият во рок од 30 дена од денот на објавувањето на овој оглас во „Службен весник на РМ“ да се јави во Општинскиот суд – Кочани или одреди полномошник. Во спротивно, на истиот ќе му биде поставен привремен застапник кој ќе ги застапува неговите интереси до окончувањето на постапката.

Од Општинскиот суд во Кочани, П. бр. 542/92. (207)

ОПШТИНСКИ СУД ВО СТРУГА

Пред Општинскиот суд во Струга се спроведува постапка за утврдување на смртта на лицето Имиѓил Зиба родена Муртеза од с. Ливада – Струшко.

Се повикува лицето Имиѓил Зиба како и секој друг што знае за нејзиниот живот да се јави во Општинскиот суд во Струга во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во „Службен весник на РМ“.

Доколку наведеното лице во овој рок не се јави во судот односно лица што нешто знаат за нејзиниот живот, ќе се смета дека е утврдена смртта на лицето Имиѓил Зиба родена Муртеза од с. Ливада.

Од Општинскиот суд во Струга, Р. бр. 58/93. (197)

ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд се води спор за развод на брак по тужбата на тужителката Рамадани Хасибе од с. Слатино, против туженият Рамадани Исљам од с. Слатино, сега со непозната адреса во странство. Вредност на спорот 3.000,00 денари.

Се повикува туженият Рамадани Исљам да се јави во судот во рок од 15 дена по објавувањето на огласот. Во спротивно судот ќе му постави времен старател кој ќе се грижи за неговите интереси до правосилното окончување на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 797/93. ((195)

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за сопственост по тужбата на тужителката Серафимовска Зора од Тетово, ул. „142“ бр. 9, против туженият Стерјоски Крсто од Тетово, ул. „Партизанска“ бр. 23, сега на привремена работа во Швајцарија со непозната адреса.

Се повикува туженият Стерјоски Крсто да се јави во судот, да достави точна адреса или одреди полномошник кој ќе го застапува по предметот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот. По истекот на тој рок на туженият ќе му биде одреден привремен застапник од ЦСР–Тетово кој ќе го застапува во спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П.бр. 74/93. (196)

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за уредување на меѓа по предлог на предлагачот Рушти Муртезан однс. М. Речица против противникот Бакиу Сами од с. М. Речица, сега со непозната адреса во Германија.

Се повикува противникот Бакиу Сами да се јави во судот во рок од 30 дена од денот на објавувањето, да достави точна адреса или да одреди полномошник кој ќе го застапува во постапката.

По истекот на рокот ќе му биде поставен привремен застапник преку ЦСР–Тетово.

Од Општинскиот суд во Тетово, П.бр. 358/93. (198)

Пред Општински суд во Тетово се води спор за исполнување на договор по тужбата на тужителите Бецети Бари, Бецети Махир, Бецети Екрем и Бецети Нецми, сите од с. Желино, против тужената Ристовска Сава од Тетово, сега со непозната адреса во Бугарија. Вредност 20.000 денари.

Се повикува тужената Ристовска Сава од Тетово, да се јави во судот во рок од 15 дена, да ја достави сегашната адреса или постави полномошник. Во спротивно по истекот на овој рок судот на истата ќе ѝ постави привремен старател кој ќе се грижи за нејзините права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П.бр. 896/93. (200)

Пред овој суд се води спор за утврдување на сопственост по тужбата на тужителите Бецети Бари и др. од с. Желино, против Муареми Мереме од с. Желино, сега со непознато место на живеење.

Се повикува тужената Муареми Мереме да се јави во Општинскиот суд во Тетово во рок од 15 дена по објавувањето на огласот, да достави своја адреса или постави свој полномошник. Во спротивно, судот ќе ѝ одреди привремен старател кој ќе ги штити нејзините права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П.бр. 788/93. (201)

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за сопственост по тужбата на тужителот Имери Селман од Тетово, ул. „29 Ноември“ бр. 39, против туженият Имери Вели Абдураман од с. Теарце, сега со непозната адреса во Германија.

Се повикува туженият да се јави во судот, да достави точна адреса или да одреди полномошник кој ќе го застапува по овој предмет во рок од 30 дена сметано од објавувањето на огласот. По истекот на овој рок, судот ќе му постави привремен застапник на туженият преку ЦСР–Тетово, кој ќе ги штити неговите права и интереси по овој предмет.

Од Општинскиот суд во Тетово, П.бр. 864/93. (203)

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за утврдување право на сопственост по тужбата на тужителите Фетаи Меметали и Керкези Фета, двајцата од с. Палатица, Тетовско, против тужените ЗИК „Тетово“ од Тетово и Еркан Магбуле, Јулмаз Шерка, Сар Музејем, Табус Исан, Табус Муазес и Табус Шериф сите од Истанбул Република Турција, а сега со непозната адреса.

Бидејќи тужените Еркан Магбуле, Јулмаз Шерка, Сар Музејем, Табус Исан, Табус Муазес и Табус Шериф се со непозната адреса во Република Турција, се повикуваат да се јават во судот во рок од 15 дена по објавувањето на огласот или да одредат свој полномошник. Во спротивно, по истекот на рокот на истите ќе им биде одреден привремен старател преку Центарот за социјална работа Тетово кој ќе ги застапува нивните интереси сè до окончувањето на постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 803/93. (205)

Пред овој суд покренат е спор за развод на брак по тужбата на Исени родена Рустеми Рабије од с. Порој против туженият Исени Минир Нецбедин од с. Порој.

Бидејќи туженият се наоѓа на работа во Швајцарија и е со непозната адреса, се повикува во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во судот и достави адреса или свој полномошник. Во спротивно, ќе му биде поставен привремен старател кој ќе се грижи за неговите интереси во спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 730/93. (206)

Пред овој суд се води спор за повраќај на ствари и надомест на штета против туженият Куртиши Идриз од Тетово, а сега со непознато место на живеење.

Се повикува туженият Куртиши Идриз од Тетово да се јави пред Општинскиот суд во Тетово во рок од 15 дена по објавувањето на огласот, да достави своја адреса или постави свој полномошник. Во спротивно, судот ќе му постави привремен старател кој ќе ги штити неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскит суд во Тетово, П. бр. 861/93 (208)

Пред овој суд се води спор за надомест на штета по тужбата на тужителот Хебили Цезаир од село Вејце Тетово, против туженият Демири Абдилбајрам од с. Вејце Тетово, сега во странство, Италија, со непозната адреса.

Се повикува лицето Демири Абдилбајрам да се јави пред Општинскиот суд во Тетово во рок од 15 дена по објавувањето на огласот или да постави привремен старател кој ќе ги штити неговите права и интереси сé до окончувањето на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1669/92, (209)

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за надомест на штета по тужбата на тужителот ПСШ „Лешница“ – ДОО Тетово, против туженият Хасани Ефраим од с. Церово, сега со непозната адреса во Италија. Вредност на спорот 1.440 денари.

Се повикува туженият да се јави во рок од 15 дена пред овој суд, да ја достави неговата сегашна адреса или постави свој полномошник. Во спротивно по истекот на овој рок, ќе му постави привремен старател кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката. (210)

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 631/93.

Пред овој суд се води спор за исполнување на договор по тужбата на тужителите Мемети Мемет, Мемети Нухи од Тетово против тужените Петровска Симка од Скопје и Зорица Тасевска од Скопје, а сега со непознато место на живеење.

Се повикуваат тужените Петровска Симка и Зорица Тасевска, двете од Скопје, сега со непозната адреса на живеење, да се јават во Општинскиот суд во Тетово во рок од 15 дена по објавувањето на огласот, да достават своја адреса и постават свој полномошник. Во спротивно судот ќе им постави времен старател кој ќе ги штити нивните права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 991/93. (211)

Пред овој суд се води спор за раскинување на договор за доживотна издршка по тужбата на тужителката Алији Гулфије од Тетово против туженият Алији Рефет од Тетово, ул. „Илинденска“ бр. 103 Тетово, сега со непозната адреса.

Се повикува туженият да се јави при Општинскиот суд во Тетово во рок од 15 дена по објавувањето на огласот, да достави своја адреса, или постави свој полномошник. Во спротивно, судот ќе му одреди времен старател кој ќе ги штити неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 908/93. (212)

ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр.17815/92, го запиша во судскиот регистар основањето на претпријатие во приватна сопственост како Д.О.О. и запишување на правото на надворешно-трговско работење, под фирма: Претпријатие за превоз, услуги и трговија „МОДЕМ“, експорт-импорт, Д.О.О., Куманово, ул. „Перо Стоимановски“ 21.

Претпријатието е основано со одлука од 7.XII.1992 година, а основач е Сулејман Амети од Куманово.

Дејности: 060502, 060501, 060503, 060601, 060602, 060803, 090121, 013903, 011314, 013030, 013042, 013043, 013050, 013099, 013909, 030003, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 080201, 080202, 080114, 080119, 110302, 080190, 090209, 110301, 110303, 110905, 110903, 110909, 110109, 110902, 110309; откуп на земјоделски, сточарски производи, шумски плодови, водоземци и влекачи; надворешно-трговско работење: 070310, 070320; посредување и застапување во прометот на стоки и услуги; реекспорт; услуги на меѓународен транспорт на стоки и патници; меѓународна шпедиција; туристички услуги; меѓународни сообраќајно-агенциски работи; продажба на стоки од консигнациони складови; малограничен промет со Бугарија, Албанија, Грција и СР Југославија; продажба на стоки од слободни царински продавници.

Претпријатието во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет, претпријатието одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешно-трговскиот промет е Сулејман Амети, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег.бр.17815/92. (92)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег.бр.17814/92, го запиша во судскиот регистар основањето на претпријатието во приватна сопственост како Д.О.О. и запишување на правото за надворешно-трговско работење под фирма: Претпријатие за производство, трговија и услуги „ПЕРЕНДИМИ“, експорт-импорт, Д.О.О., Куманово, ул. „Прва“ бр. 16.

Претпријатието е основано со договор од 8.XII.1992 година, а основачи се Салим Адеми и Селедин Адеми, и двајцата од Куманово.

Дејности: 012201, 012202, 012203, 012310, 012321, 012322, 012323, 012324, 020110, 020121, 020129, 020131, 020140, 020201, 020202, 030003, 013030, 013041, 013042, 013043, 013050, 013099, 013903, 013909, 050100, 050201, 050202, 050203, 050209, 050301, 050302, 011314, 090140, 090121, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070250, 070260, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 090209, 110402, 110403, 110404, 080201, 080202, 080114, 080119, 080129, 080190, 060501, 060502, 060503, 060601, 060602, 060803, 110302, 110301, 110611, 110620, 110303, 110902, 110903, 110109, 110909, 110309; откуп на земјоделски, сточарски производи, шумски плодови, водоземци и влекачи; надворешно-трговско работење: 070310, 070320; посредување и застапување во прометот на стоки и услуги; реекспорт; услуги на меѓународен транспорт на стоки и патници; меѓународна шпедиција; туристички услуги; меѓународни сообраќајно-агенциски работи; продажба на стоки од консигнациони складови; изведување на инвестициони работи во странство; малограничен промет со Бугарија, Албанија, Грција и СР Југославија; продажба на стоки од слободни царински продавници.

Претпријатието во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет, претпријатието одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешно-трговскиот промет е Селедин Адеми, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег.бр.17814/92. (93)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег.бр.17026/92, на регистарска влошка бр.1-28919-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Услужно трговско претпријатие „ЗРИТ–ПРОМ“ увоз-извоз, Ц.О., Кавадарци, ул. „Ѓорѓи Сугаре“ бр. 18.

Претпријатието е основано со акт за основање бр. 01-01 од 30.XI.1992 година, а основач е Здравев Зоран од Кавадарци.

Дејности: 020140, 013041, 013042, 060502, 080190, 090121, 110309, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 030003, 110302, 110303, 110304, 110909; надворешна трговија: 070310, 070320.

Во правниот промет со трети лица претпријатието истапува во свое име и за своја сметка. За обврските сторени во правниот промет со трети лица претпријатието одговара со сите свои средства-целосно.

Здравев Зоран, директор, без ограничување, овластено лице со неограничени овластувања.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег.бр.17026/92. (94)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег.бр. 12374/92, на регистарска влошка 1-25060-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Претпријатието во приватна сопственост д.о.о. и вршење работи во надворешно трговскиот промет. Претпријатието за трговија на големо и мало и услуги „ОРА – БЕЛ“ д.о.о. експорт – импорт Скопје, ул. „Серава“ бр. 63.

Претпријатието е основано со Акт за основање од 30.09.1992 год. основач е Енвер Бехљулиод Скопје кој е и директор на претпријатието.

Дејности“ 060601, 060501, 060502, 060503, 060602, 060609, 07011, 070111, 070112, 070113, 070114, 07012, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 07013, 070131, 070132, 070140, 070150, 07021, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 07022, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 070310, 070320.

Посредување во надворешно трговскиот промет. Застапување на странски фирми, реекспорт, малограничен промет со Албанија, Грција, Бугарија, СР Југославија, 080121, 080122, 080123, 080129, 080190, 080201, 080202, 100101, 100102, 100103, 100200, 110301, 110302, 110303, 110304, 110401, 110402, 110403, 110404, 110405, 110309, 110909.

Претпријатието во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка и одговора со сиот свој имот. Претпријатието во надворешно трговскиот промет го претставува директорот на претпријатието Енвер Бехљули, директор без ограничување.

Од Окружниот стопански суд Скопје, Срег.бр. 12374/92. (701)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег.бр. 16349/92, на регистарска влошка бр. 1-28691-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Претпријатието за производство, промет и услуги „ГОРБЕТ“, ц.о., ул. „Тоде Думба“ бр. 102-а, Куманово. Претпријатието е основано со одлука бр. 1/92 од 10.XI.1992 година.

Дејности: 113010, 012310, 012321, 013200, 012322, 011941, 020110, 090140, 050100, 090123, 050302, 011390, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070226, 070229, 070231, 070240, 070250, 070260, 080202, 080201, 110309, 110303, 110109, 110302, 110909, 110304, 060501, 060502.

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка. За обврските со трети лица во правниот промет одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување во надворешно-трговскиот промет е Ѓорѓевски Горан, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег.бр. 16349/92. (640)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег.бр. 17700/92, на регистарска влошка бр. 1-29607-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Производното, трговско претпријатие „СТИЛ“, увоз-извоз, ц.о., ул. „Бошко Буха“ бр. 10, Кавадарци. Основач е Митрев Ѓорѓи, со акт бр. 01-1 од 7.XII.1992 година.

Дејности: 090123, 090124, 060502, 090121, 020110, 030003, 110909, 110309, 080190, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 050302, 050301; надворешна трговија: 070310, 070320.

Во правниот промет со трети лица претпријатието истапува во свое име и за своја сметка. Во правниот промет со трети лица претпријатието за своите обврски одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешно-трговскиот промет е Митрев Ѓорѓи, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег.бр.17700/92. (641)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег.бр.17734/92, на регистарска влошка бр. 1-29566-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Услужното, трговско претпријатие „ГАЛИ“, увоз-извоз, ц.о., ул. „Ѓорѓи Соколов“ бр. 39, Кавадарци. Основач е Ѓорѓиев Зоки, со акт бр. 01-1 од 6.XII.1992 година.

Дејности: 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 110909, 110309, 090121, 060502, 030003; надворешна трговија: 070310, 070320.

Во правниот промет со трети лица претпријатието истапува во свое име и за своја сметка. Во правниот промет со трети лица претпријатието за своите обврски одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешно-трговскиот промет е Ѓорѓиев Зоки, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег.бр. 17734/92. (642)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег.бр. 17378/92, на регистарска влошка бр. 1-29303-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Претпријатието за трговија и услуги „ГОРЕЊАЦ“, ц.о., увоз-извоз, ул. „Октомвриска револуција“ бб, Куманово, основано со акт за основање бр. 01/92, од 3.XII.1992 година, а основач е Тошиќ Милорад.

Дејности: 050301, 07011, 070111, 070112, 070113, 070114, 07012, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129,

070013, 070132, 070140, 070150, 07021, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 07022, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 080190, 090131, 090132, 090133, 090139, 070310, 070320.

Неограничено овластување: целосна одговорност.

Лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешно-трговскиот промет е Тошиќ Милорад, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег.бр. 17378/92. (643)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег.бр. 16562/92, на регистарска влошка бр. 1-28492-0-0-0, го запиша во судскиот регистар Трговското претпријатие на мало и големо со увоз извоз „ВАРДАР – ТРЕИД" ц.о. Титов Велес, ул. Комплекс УЗУС Б–I/18, скратена ознака на фирмата гласи: ТП „ВАРДАР – ТРЕИД" ЦО Титов Велес.

Основач: Милојевиќ Милан од Титов Велес, ул. Комплекс УЗУС Б–I/18 со одлука за основање на претпријатието од 23.11.92 год.

Дејности: 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070250, 070260, 110303, 110309, 070310, 070320, 110909.

Работи на надворешно трговскиот промет: 070310, 070320, 110909 и застапување во прометот со стоки и услуги.

Овластување и одговорности во правниот промет, претпријатието во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските сторени во тој промет одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување Милојевиќ Милан, директор без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег.бр. 16526/92. (705)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег.бр. 16781/92, на регистарска влошка бр. 1-29260-0-0-0, го запиша во судскиот регистар Приватното претпријатие за промет и услуги експорт – импорт ц.о. „АРДИ", Теарце, ул. Бистрица 10.

Дејности: 012201, 012203, 012310, 012321, 012322, 012323, 012324, 013310, 013020, 013021, 013022, 013041, 013120, 013121, 013122, 013320, 013500, 060101, 060103, 060201, 060202, 060301, 060302, 060401, 060402, 060403, 060501, 060502, 060503, 060601, 060602, 060609, 060801, 060802, 060803, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070129, 070130, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070215, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070228, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 070310, 070320, 080111, 080112, 080113, 080114, 080119, 080120, 080121, 080122, 080123, 080129, 080190, 080201, 080202, 090181, 110301, 110303, 110304, 110309, 120190, работи на надворешен промет: 060101, 060202, 060301, 060302, 060303, 060401, 060402, 060403, 060501, 060502, 060503, 060801, 060802, 060803, 070110, 070210, 070310, 070320, 080111, 080112, 08013, 080114, 080201, 080202, 110303, 110304, 110309.

Претпријетието ќе биде под следниот пречистен текст: Приватно претпријатие за промет и услуги експорт – импорт ц.о. „АРДИ" Теарце, ул. Бистрица 10.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег.бр. 16781/92. (706)

